# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК

## НА ОПШТИНА ДЕМИР ХИСАР

**e-mail:opstinademirhisar@yahoo.com web site:www.demirhisar.org.**

| | | |
|---|---|---|
| СЛУЖБЕН ГЛАСНИК | 04.05.2011г | Ж-СКА 722014034763019 -НБРМ |
| ОПШТИНА Д-ХИСАР | БРОЈ 4 | ПРЕТПЛАТА ЗА 2011 ГОД |
| ИЗЛЕГУВА ПО ПОТРЕБА | | ИЗНЕСУВА 500 ДЕНАРИ |
| ОГЛАСИ ПО ТАРИФА | Д-ХИСАР | ЕДЕН БРОЈ ЧИНИ 50 ДЕН |

==========================================================


Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалана самоуправа /"Службен весник на РМ" бр. 5/02 година/, а во врска со член 72 од Статутот на општина Демир Хисар /"Службен гласник на општина Демир Хисар" бр.3/02; 4/05 и 7/09 година/, донесувам

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Заклучокот за усвојување на Квартален извештај на Буџетот на Општина Демир Хисар за 2011 година за I квартал**

1.Го објавувам Заклучокот за усвојување на Квартален извештај на Буџетот на Општина Демир Хисар за 2011 година за I квартал донесен на седницата на Совет на Општина Демир Хисар одржана на 29.04.2011 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на општина Демир Хисар.

**Бр. 08 - 333/1**
**04.05.2011 година**
**Демир Хисар**

**Општина Демир Хисар**
**Градоначалник,**
***Тони Ангелевски с.р.***

***269.*** Врз основа на член 36 став 1 точка 7 од Законот за локална самоуправа /„Службен весник на РМ„ бр. 5/02/ и 43 став 1 точка 7 од Статутот на Општина Демир Хисар /"Службен гласник на Општина Демир Хисар бр. 3/02; 4/05 и 7/09 / Советот на Општина Демир Хисар на седницата одржана на 29.04.2011 година донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За усвојување на Квартален Извештај за извршување на Буџетот на Општина Демир Хисар за 2011 година за I- квартал**

1. СЕ УСВОЈУВА Кварталниот извештај за извршување на Буџетот на Општина Демир Хисар за 2011 година за I- квартал.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на објавувањето во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

**Бр.07-324/2**
**29.04. 2011 година**
**Демир Хисар**

**Совет на општина Демир Хисар**
**Претседател,**
***Љупчо Ангелески с.р.***

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалана самоуправа /“Службен весник на РМ“ бр. 5/02 година/, а во врска со член 72 од Статутот на општина Демир Хисар /“Службен гласник на општина Демир Хисар“ бр.3/02; 4/05 и 7/09 година/, донесувам

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Одлуката за потврдување на решението за одобрување на ЛУПД**

1.Ја објавувам Одлуката за потврдување на решението одобрување на ЛУПД за изградба на мала хидроелектрана МХЕ 258 на Мала река, КО Базерник донесена на седницата на Совет на Општина Демир Хисар одржана на 29.04.2011 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на општина Демир Хисар.

**Бр. 08 - 333/2**
**04.05.2011 година**
**Демир Хисар**

**Општина Демир Хисар**
**Градоначалник,**
***Тони Ангелевски с.р.***

***270.*** Врз основа на член 43 точка 42 од Статутот на општина Демир Хисар(Сл.Гласник на општина Демир Хисар, бр.3/02 г.), а во врска со Решението за одобрување на локална урбанистичка планска документација **УПбр. 11-58 од 21-04-2011год.**, Советот на општина Демир Хисар донесе

**О Д Л У К А**
***За потврдување на решението за одобрување на ЛУПД***

1.Се **ПОТВРДУВА** Решението за одобрување на ЛУПД за изградба на мала хидроцентрала **МХЕ 258** на Мала Река, КО Базерник, Демир Хисар, со пропратни објекти, на КП бр. 116, КО Базерник (водозафат), по течение на Мала Река и на КП бр. 1584, КО Бабино,(машинска зграда),Демир Хисар, поднесена од страна на Друштво за трговија на големо и мало и инженеринг услуги од „ЕМК МАЛИ ХИДРОЕЛЕКТРАНИ" ДООЕЛ -Скопје.

2.Составен дел на оваа Одлука е Решението за одобрување на локална урбанистичка планска документација УПбр. 11-58 од 21-04-2011год., донесено од страна на Градоначалникот на општина Демир Хисар, а врз основа на Записникот за прифаќање на ЛУПД од страна Комисијата за прифаќање на ЛУПД УП бр. 11-58 од 21-04-2011год. и Заклучокот за давање предлог до градоначалникот за одобрување на ЛУПД од истата комисија УПбр. 11-58 од 21-04-2011год.

3.Се **ЗАДОЛЖУВА** општинската администрација по донесувањето на оваа одлука, во законски предвиден рок, да започне постапка за издавање на одобрение за градење по доставено барање од страна на инвеститорот.

4.Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен Гласник на општина Демир Хисар.

Доставено до:
- *ЕМК МАЛИ ХИДРОЕЛЕКТРАНИ" ДООЕЛ*
- ***архивата***

**Бр.07-324/3**
**29.04. 2011 година**
**Демир Хисар**

**Совет на општина Демир Хисар**
**Претседател,**
***Љупчо Ангелески с.р.***

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалана самоуправа /"Службен весник на РМ" бр. 5/02 година/, а во врска со член 72 од Статутот на општина Демир Хисар /"Службен гласник на општина Демир Хисар" бр.3/02; 4/05 и 7/09 година/, донесувам

## З А К Л У Ч О К
### за објавување на Одлуката за потврдување на решението за одобрување на ЛУПД

1.Ја објавувам Одлуката за потврдување на решението одобрување на ЛУПД за изградба на мала хидроелектрана МХЕ 259 на река Големача, КО Слоештица донесена на седницата на Совет на Општина Демир Хисар одржана на 29.04.2011 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на општина Демир Хисар.

**Бр. 08 - 333/3**
**04.05.2011 година**
**Демир Хисар**

**Општина Демир Хисар**
**Градоначалник,**
***Тони Ангелевски с.р.***

***271.*** Врз основа на член 43 точка 42 од Статутот на општина Демир Хисар(Сл.Гласник на општина Демир Хисар, бр.3/02 г.), а во врска со Решението за одобрување на локална урбанистичка планска документација УПбр.21-04-2011 година, Советот на општина Демир Хисар донесе

## О Д Л У К А
### *За потврдување на решението за одобрување на ЛУПД*

1 Се **ПОТВРДУВА** Решението за одобрување на ЛУПД за изградба на мала хидроцентрала **МХЕ 259** на река Големача, КО Слоештица, Демир Хисар, со пропратни објекти, на КП бр. 3079, 3094, 2556(водозафат), цевковод и КП бр. 2420, КО Слоештица,(машинска зграда), Демир Хисар, поднесена од „ЕМК МАЛИ ХИДРОЕЛЕКТРАНИ" ДООЕЛ -Скопје.

2.Составен дел на оваа Одлука е Решението за одобрување на локална урбанистичка планска документација УПбр.11-59 од 21-04-2011година, донесено од страна на Градоначалникот на општина Демир Хисар, а врз основа на Записникот за прифаќање на ЛУПД од страна Комисијата за прифаќање на ЛУПД УПбр.11-59 од 19-04-2011 година и Заклучокот за давање предлог до градоначалникот за одобрување на ЛУПД од истата комисија УПбр.11-59 од 19-04-2011год.

3.Се **ЗАДОЛЖУВА** општинската администрација по донесувањето на оваа одлука, во законски предвиден рок, да започне постапка за издавање на одобрение за градење по доставено барање од страна на инвеститорот.

4.Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен Гласник на општина Демир Хисар.

Доставено до:
*- ЕМК МАЛИ ХИДРОЕЛЕКТРАНИ ДООЕЛ -Скопје*
*- архивата*

**Бр.07-324/4**
**29.04. 2011 година**
**Демир Хисар**

**Совет на општина Демир Хисар**
**Претседател,**
***Љупчо Ангелески с.р.***

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалана самоуправа /“Службен весник на РМ“ бр. 5/02 година/, а во врска со член 72 од Статутот на општина Демир Хисар /“Службен гласник на општина Демир Хисар“ бр.3/02; 4/05 и 7/09 година/, донесувам

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Одлуката за потврдување на решението за одобрување на ЛУПД**

1.Ја објавувам Одлуката за потврдување на решението одобрување на ЛУПД за изградба на мала хидроелектрана МХЕ 256 на река Кушница, КО Железнец донесена на седницата на Совет на Општина Демир Хисар одржана на 29.04.2011 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на општина Демир Хисар.

**Бр. 08 - 333/4**
**04.05.2011 година**
**Демир Хисар**

**Општина Демир Хисар**
**Градоначалник,**
***Тони Ангелевски с.р.***

***272.*** Врз основа на член 43 точка 42 од Статутот на општина Демир Хисар(Сл.Гласник на општина Демир Хисар, бр.3/02 г.), а во врска со Решението за одобрување на локална урбанистичка планска документација УПбр.11-57 од 28-04-2011 година, Советот на општина Демир Хисар донесе

**О Д Л У К А**
***За потврдување на решението за одобрување на ЛУПД***

1.Се **ПОТВРДУВА** Решението за одобрување на Локална планска урбанистичка документација за изградба на мала хидроцентрала реф.бр. 256, со пропратни објекти на река Кушница, на КП бр. 990 и КП бр. 990/1, КО Железнец, Демир Хисар, поднесена од „ЕЛЕКТРО ЛАБ" увоз-извоз, од Скопје.

2.Составен дел на оваа Одлука е Решението за одобрување на локална урбанистичка планска документација УПбр.
11-57 од 28-04-2011год., донесено од страна на Градоначалникот на општина Демир Хисар, а врз основа на Записникот за прифаќање на ЛУПД од страна Комисијата за прифаќање на ЛУПД УПбр.11-57 од 28-04-2011 година и Заклучокот за давање предлог до градоначалникот за одобрување на ЛУПД од истата комисија УПбр.11-57 од 28-04-2011 год.

3.Се **ЗАДОЛЖУВА** општинската администрација по донесувањето на оваа одлука, во законски предвиден рок, да започне постапка за издавање на одобрение за градење по доставено барање од страна на инвеститорот.

4.Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен Гласник на општина Демир Хисар.

Доставено до:
- *„ЕЛЕКТРО ЛАБ"*
- *архивата*

**Бр.07-324/5** — **Совет на општина Демир Хисар**
**29.04. 2011 година** — **Претседател,**
**Демир Хисар** — ***Љупчо Ангелески с.р.***

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалана самоуправа /"Службен весник на РМ" бр. 5/02 година/, а во врска со член 72 од Статутот на општина Демир Хисар /"Службен гласник на општина Демир Хисар" бр.3/02; 4/05 и 7/09 година/, донесувам

## З А К Л У Ч О К
### за објавување на Одлуката за измени и дополнување на Програмата за комунално уредување

1.Ја објавувам Одлуката за измени и дополнување на Програмата за комунално уредување донесена на седницата на Совет на Општина Демир Хисар одржана на 29.04.2011 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на општина Демир Хисар.

**Бр. 08 - 333/5** — **Општина Демир Хисар**
**04.05.2011 година** — **Градоначалник,**
**Демир Хисар** — ***Тони Ангелевски с.р.***

***273.*** Врз основа на член 45, 46,47,48 и 49 од Законот за градежно земјиште(Сл.Весник на РМ, бр.53/01 и бр. 82/08) , Правилникот за степенот на уредување на градежното земјиште со објекти на комуналната инфраструктура и начинот на утврдување на висината на трошоците за уредување во зависност од степенот на уреденост( Сл.Весник на РМ, бр. 38/11) и член 43 став 1 точка 17 од Статутот на општина Демир Хисар ( Сл.Гласник на општина Демир Хисар бр. 3/02 г.) Советот на општина Демир Хисар на седницата на ден 29.04.2011 година донесе

# О Д Л У К А
**За изменување и дополнување на Програмата за комунално уредување**

Член 1

Со оваа Одлука се изменува и дополнува Програмата за комунално уредување, донесена од страна на Советот на општина Демир Хисар бр. 07-161/5 од 28.02.2011 година.

Член 2

Измените и дополнувањата на Програмата за комунално уредување се однесуваат точка 6.1. која се однесува на висината на надоместокот за уредување на градежното земјиште и тоа:

1. Во делот на коефициентите за пресметување - точка 3 од Табелата во програмата "**за други објекти**" и гласи:

**- катни гаражи---0,05**
**- спортски покриени објекти---0,5**
**- гасни станици и базни станици за 50% од површината на локацијата---1,0**
**- отворени пазаришта за 30% од површината на локацијата----1,0**
**- базени---0,2**
**- трафостаници над 35Кв -----1,0**

2. За објектите од група на класи на намени Г-производство, дистрибуција и сервиси:

**- Г1 тешка и загадувачка индустрија, 0,05**
**- Г2 лесна и незагадувачка индустрија, 0,05**
**- Г3 сервиси, 0,05**
**- Г4 стоваришта, 0,05**

3. За бензиска пумпна станица и нејзини придружни содржини( продавници, кафетерии и ресторани, автосервиси, автосалони, помошни простории):

**- продажни простории на бензиските пумпни станици, 1,0 и**
**- услужни простории на бензиските пумпни станици, 1,0**

4. За објектите од група на класи на намени Б5- угостителски и туристички комплекси, хотелски комплекси и одморалишта и за објектите од група на класи на намени А4 хотел, мотел, планинарски дом и ловен дом:

**- сите простории, 0,05.**

Член 3

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен Гласник на општина Демир Хисар.

**Бр.07-324/6**
**29.04. 2011 година**
**Демир Хисар**

**Совет на општина Демир Хисар**
**Претседател,**
***Љуп̅чо Ан̅гелески с.р.***

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалана самоуправа /“Службен весник на РМ“ бр. 5/02 година/, а во врска со член 72 од Статутот на општина Демир Хисар /“Службен гласник на општина Демир Хисар“ бр.3/02; 4/05 и 7/09 година/, донесувам

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Одлуката за измени и дополнување на Одлуката за комунален ред на подрачјето на Општина Демир Хисар**

1.Ја објавувам Одлуката за измени и дополнување на Одлуката за комунален ред на подрачјето на Општина Демир Хисар донесена на седницата на Совет на Општина Демир Хисар одржана на 29.04.2011 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на општина Демир Хисар.

**Бр. 08 - 333/6**
**04.05.2011 година**
**Демир Хисар**

**Општина Демир Хисар**
**Градоначалник,**
***Тони Ангелевски с.р.***

***274.*** Врз основа на член 7 од Законот за комунални дејности ("Сл.Весник на РМ", бр. 45/97 ), и член 43 од Статутот на Општина Демир Хисар ("Сл. Гласник на Општина Демир Хисар", бр 3/2002 година), а во согласност со Законот за гробишта и погребални услуги ("Сл.Весник на РМ", бр.86/2008г и 156/2010г), Советот на Општина Демир Хисар на седницата одржана на ден 29.04. 2011 година донесе:

**ОДЛУКА**
***За измени и дополнување на Одлуката за комунален ред на подрачјето на Општина Демир Хисар***

Член 1

„Членот 50 се менува и гласи:“

„Одржување на гробишта е тековно и инвестиционо одржување на комуналната инфраструктура и придружните објекти на гробиштата што подразбира изведување на работи заради зачувување на основните барања на објектот во текот на неговата употреба.“

Член 2

„Член 51 се менува и гласи:“

„За одржувањето на гробиштата се грижи управителот на гробиштата. Управувањето со гробиштата како дејност од јавен интерес во надлежност на локалната самоуправа, Општина Демир Хисар ќе го врши преку јавното претпријатие за комунални услуги ЈКП „Комуналец“-Демир Хисар (или преку правно лице кое има дозвола за управување со гробишта, врз основа на јавен конкурс).

Одржувањето на гробиштата, управителот на гробишта ќе го врши со средства прибрани од: наплата за доделување на гробните места, наплата на надоместок за одржување на гробиштата (гробарина) што ќе ја плаќаат носителите на гробни места, наплата на надоместок за пристап и користење на комуналната инфраструктура и објектите на гробиштата од операторите на погребални услуги и каменорезачи.

Висината на надоместокот ја определува управителот на гробиштата во согласност со органите на општината, според големината и бројот на гробните места и и висината на реалните трошоци.

За доделување на гробно место носителот на гробно место плаќа надоместок врз основа на склучен договор со управителот, со кој договор се обврзува и редовно да плаќа гробарина, заради одржување на гробиштата.

Јавното претпријатие е должно да води посебно сметководство за приходите остварени од вршењето на оваа дејност.“

Член 3

„Членот 52 се менува и гласи:“

„Градежното земјиште наменето за гробишта, општината го определува со урбанистички план согласно прописите за просторно и урбанистичко планирање.

Изградба на нови гробишта, како и проширување на постојните гробишта ќе се предвиди со урбанистички план на општината врз основа на статистички податоци.

Општината донесува одлука за престанок на изградба на нови гробни места на гробиштата кога ќе се утврди дека на гробиштата нема таква можност, но постои можност за погреб во постојните гробни места.

Погребување на умрено лице на гробно место каде што претходно некој бил погребан, не може да се изврши доколку од претходниот погреб не поминале најмалку три месеци или во рок пократок од три месеци, ако нема можности и услови за проширување на гробиштата.“

Член 4

„Член 53 се менува и гласи:“

„Умреното лице по правило се чува во мртовечница, а по исклучок се чува дома, доколку во местото на погребот нема мртовечница.

Погребната опрема на умреното лице е право на избор на брачниот другар, неговите наследници или лицето кое е должно да се грижи за неговиот погреб, а во согласност со верската припадност на умреното лице.“

Член 5

„Членот 54 се менува и гласи:“

„Погребалните услуги ќе ги вршат физички и правни лица кои имаат дозвола за вршење на погребални услуги-оператори на погребални услуги, кои ќе вршат работи на преземање на умреното лице од местото каде што починало, превезување до мртовечница (ако постои), чување, опремување, превоз до местото на погреб и погребување.

Вршењето на дејноста управување со гробишта и вршење на дејноста погребални услуги се неспојливи.

Управителот на гробиштата е должен да обезбеди еднакви и недискриминаторски услови за пристап и користење на комуналната инфраструктура и придружните објекти на гробиштата на сите физички и правни лица кои имаат дозвола за вршење на погребални услуги (оператори на погребални услуги) и каменорезачи со кои треба да склучи договор.

Трошоците за погребувањето паѓаат на товар на брачниот другар, неговите наследниците или лицето кое е должно да се грижи за неговиот погреб.

Надгробните споменици се градат согласно со техничките стандарди и нормативи утврдени со пропис, со обележја и верски симболи според верувањето на умреното лице или неговото семејство. Нивната изработка и одржувањето се трошок на носителот на гробното место“

Член 6

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесување и ќе се објави во Службен Гласник на Општина Демир Хисар.

**Бр.07-324/7**
**29.04. 2011 година**
**Демир Хисар**

**Совет на општина Демир Хисар**
**Претседател,**
***Љупчо Ангелески с.р.***

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалана самоуправа /“Службен весник на РМ“ бр. 5/02 година/, а во врска со член 72 од Статутот на општина Демир Хисар /“Службен гласник на општина Демир Хисар“ бр.3/02; 4/05 и 7/09 година/, донесувам

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Одлуката за одредување на управител на гробишта во Демир Хисар**

1.Ја објавувам Одлуката за одредување на управител на гробиштата во Демир Хисар донесена на седницата на Совет на Општина Демир Хисар одржана на 29.04.2011 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на општина Демир Хисар.

**Бр. 08 - 333/7**
**04.05.2011 година**
**Демир Хисар**

**Општина Демир Хисар**
**Градоначалник,**
***Тони Ангелевски с.р.***

***275.*** Врз основа на член 22 став 1 точка 4 и член 36 став 1 точка 8 и 15 од Законот за Локална самоуправа („Сл. Весник на РМ“ бр. 5/2002г), член 14 од Законот за гробишта и погребални услуги ("Сл.Весник на РМ", бр.86/2008г и бр.156/2010г) и член 15 став 1 точка 3, член 18 став 2 и член 43 став 1 точка 8 од Статутот на Општина Демир Хисар ("Сл. Гласник на Општина Демир Хисар", бр 3/2002 година), а во согласност со Одлуката за комунален ред, Советот на Општина Демир Хисар на седницата одржана на ден 29.04. 2011 година донесе:

**ОДЛУКА**
***За одредување на управител на гробиштата во Демир Хисар***

Член 1

Со оваа одлука се одредува управител на гробиштата во Демир Хисар.

Член 2

Управувањето со гробиштата во Демир Хисар ќе се врши преку Јавно претпријатие за комунални услуги, во понатамошниот текст -Управител на гробишта.

Член 3

Управител на гробиштата во Демир Хисар е ЈКП „Комуналец“-Демир Хисар.

Член 4

Јавното претпријатие е должно за вршење на работите управување со гробишта да води посебно сметководство за приходите остварени од вршењето на оваа дејност.

Член 5

Управувањето со гробиштата Управителот е должен да го врши согласно одредбите на Законот за гробишта и погребални услуги ("Сл.Весник на РМ", бр.86/2008г и 156/2010г).

Член 6

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесување и ќе се објави во Службен Гласник на Општина Демир Хисар.

**Бр.07-324/8**
**29.04. 2011 година**
**Демир Хисар**

**Совет на општина Демир Хисар**
**Претседател,**
***Љупчо Ангелески с.р.***

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалана самоуправа /“Службен весник на РМ“ бр. 5/02 година/, а во врска со член 72 од Статутот на општина Демир Хисар /“Службен гласник на општина Демир Хисар“ бр.3/02; 4/05 и 7/09 година/, донесувам

## З А К Л У Ч О К
## за објавување на Одлуката за отуѓување на недвижен имот сопственот на Општина Демир Хисар

1.Ја објавувам Одлуката за отуѓување на недвижен имот сопственост на Општина Демир Хисар донесена на седницата на Совет на Општина Демир Хисар одржана на 29.04.2011 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на општина Демир Хисар.

**Бр. 08 - 333/8**
**04.05.2011 година**
**Демир Хисар**

**Општина Демир Хисар**
**Градоначалник,**
***Тони Ангелевски с.р.***

***276.*** Врз основа на член 66 точка 1 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на РМ бр. 5/02 год.) како и во согласност со член 100 точка 1 Статутот на Општина Демир Хисар (Службен гласник на Општина Демир Хисар бр. 3/02) Советот на општина демир Хисар на седницата одржана на ден 29.04.2011 година донесе

ОДЛУКА

За отуѓување на недвижен имот сопственост на Општина Демир Хисар

Член 1

Се отуѓува недвижниот имот сопственост на Општина Демир Хисар и тоа:

КП бр. 536 и 954, 2 објект на МЗ со вкупна површина од 128 м2 заведен во ИЛ бр.50 за КО Растојца

Член 2

Оутѓувањето на недвижниот имот споменат во член 1 од оваа Одлука може да се направи само по пат на јавно наддавање во согласност со закон.

Продажната цена на недвижниот имот предмет на оутѓувањето несмее да биде пониска од неговата пазарна вредност.

Член 3

Одлуката влегува во сила со денот на објавувањето во Службен гласник на Општина демир Хисар.

**Бр.07-324/9**
**29.04. 2011 година**
**Демир Хисар**

**Совет на општина Демир Хисар**
**Претседател,**
***Љупчо Ангелески с.р.***

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалана самоуправа /“Службен весник на РМ“ бр. 5/02 година/, а во врска со член 72 од Статутот на општина Демир Хисар /“Службен гласник на општина Демир Хисар“ бр.3/02; 4/05 и 7/09 година/, донесувам

**ЗАКЛУЧОК**

**за објавување на Решението за разрешување на Претседателот на Комисијата за утврдување на пазарна вредност на недвижности**

1.Го објавувам Решението за разрешување на Претседателот на комисијата за утврдување на пазарна вредност на недвижности при Општина Демир Хисар донесено на седницата на Совет на Општина Демир Хисар одржана на 29.04.2011 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на општина Демир Хисар.

**Бр. 08 - 333/9** **Општина Демир Хисар**
**04.05.2011 година** **Градоначалник,**
**Демир Хисар** ***Тони Ангелевски с.р.***

***277.*** Врз основа на член 62 став 1 од Законот за локална самоуправа "Службен весник на РМ" бр.5/2002 година, а во врска со член 43 точка 37 од Статутот на општина Демир Хисар "Службен гласник на општина Демир Хисар" бр.3/2002; 4/05 и 7/09 година, Советот на општина Демир Хисар на седницата одржана на 29.04.2011 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**За разрешување на Претседателот во Комисија за утврдување на пазарна вредност на недвижности**

1.Во Комисија за утврдување на пазарна вредност на недвижности на основа Методологијата за утврдување на пазарна вредност на недвижности донесена од Владата на Република Македонија се разрешува

**Љупчо Толевски -** Претседател на комисијата за утврдување на пазарна вредност на недвижности

2. Решението влегува во сила со денот на објавувањето во *Службен гласник на општина Демир Хисар.*

Доставено до:
-Архивата на општина Демир Хисар
-Именуваниот

**Бр.07-324/10** **Совет на општина Демир Хисар**
**29.04. 2011 година** **Претседател,**
**Демир Хисар** ***Љупчо Ангелески с.р.***

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалана самоуправа /“Службен весник на РМ“ бр. 5/02 година/, а во врска со член 72 од Статутот на општина Демир Хисар /“Службен гласник на општина Демир Хисар“ бр.3/02; 4/05 и 7/09 година/, донесувам

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Решението за именување на Претседател на Комисијата за утврдување на пазарна вредност на недвижности**

1.Го објавувам Решението за именување на Претседател на Комисијата за утврдување на пазарна вредност на недвижности при Општина Демир Хисар донесено на седницата на Совет на Општина Демир Хисар одржана на 29.04.2011 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на општина Демир Хисар.

**Бр. 08 - 333/10**
**04.05.2011 година**
**Демир Хисар**

**Општина Демир Хисар**
**Градоначалник,**
***Тони Ангелевски с.р.***

***278.*** Врз основа на член 62 став 1 од Законот за локална самоуправа "Службен весник на РМ" бр.5/2002 година, а во врска со член 43 точка 37 од Статутот на општина Демир Хисар "Службен гласник на општина Демир Хисар" бр.3/2002; 4/05 и 7/09 година, Советот на општина Демир Хисар на седницата одржана на 29.04.2011 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**За именување на Претседател во Комисија за утврдување на пазарна вредност на недвижности**

1.За Претседател во Комисија за утврдување на пазарна вредност на недвижности на основа Методологијата за утврдување на пазарна вредност на недвижности донесена од Владата на Република Македонија се именува

Претседател:
**Благоја Радевски -вработен во општина Демир Хисар**

2. Решението влегува во сила со денот на објавувањето во *Службен гласник на општина Демир Хисар.*

Доставено до:
-Архивата на општина Демир Хисар
-Именуваниот

**Бр.07-324/11**
**29.04. 2011 година**
**Демир Хисар**

**Совет на општина Демир Хисар**
**Претседател,**
***Љупчо Ангелески с.р.***

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалана самоуправа /“Службен весник на РМ“ бр. 5/02 година/, а во врска со член 72 од Статутот на општина Демир Хисар /“Службен гласник на општина Демир Хисар“ бр.3/02; 4/05 и 7/09 година/, донесувам

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Мислењето во врска со Програмата за организирање на ученичките екскурзии во ОУ „Гоце Делчев„ Демир Хисар**

1.Го објавувам Мислењето во врска со Програмата за организирање на ученичките екскурзии во ОУ „Гоце Делчев„ Демир Хисар донесено на седницата на Совет на Општина Демир Хисар одржана на 29.04.2011 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на општина Демир Хисар.

**Бр. 08 - 333/11**
**04.05.2011 година**
**Демир Хисар**

**Општина Демир Хисар**
**Градоначалник,**
***Тони Ангелевски с.р.***

***279.*** Врз основа на член 43 став 1 точка 43 од Статутот на Општина Демир Хисар ( Службен гласник на Општина Демир Хисар бр. 3/02), а во согласност на Правилникот, Советот на Општина Демир Хисар на седницата одржана на ден 29.04.2011 година донесе

**М И С Л Е Њ Е**
**Во врска со Програмата за организирање на ученички екскурзии за ОУ „Гоце Делчев„ Демир Хисар**

1. Се дава позитивно Мислење,во целост се одобрува Програмата за реализација на ученички екскурзии за ОУ „Гоце Делчев„„ Демир Хисар за учебната 2011 година.

2.Мислењето ќе биде објавено во Службен гласник на Општина Демир Хисар, но поради итноста истото може да се применува веднаш.

**Бр.07-324/12**
**29.04. 2011 година**
**Демир Хисар**

**Совет на општина Демир Хисар**
**Претседател,**
***Љупчо Анѓелески с.р.***

# *С О Д Р Ж И Н А*


| **Р.бр** | ***НАЗИВ НА АКТОТ*** | ***Стр.*** |
|---|---|---|
| **269** | Заклучокот за усвојување на Квартален извештај на Буџетот на Општина Демир Хисар за 2011 година за I квартал | 1-2 |
| **270** | Одлуката за потврдување на решението одобрување на ЛУПД за изградба на мала хидроелектрана МХЕ 258 на Мала река, КО Базерник | 2-3 |
| **271** | Одлуката за потврдување на решението одобрување на ЛУПД за изградба на мала хидроелектрана МХЕ 259 на река Големача, КО Слоештица | 4 |
| **272** | Одлуката за потврдување на решението одобрување на ЛУПД за изградба на мала хидроелектрана МХЕ 256 на река Кушница, КО Железнец | 5-6 |
| **273** | Одлуката за измени и дополнување на Програмата за комунално уредување | 6-7 |
| **274** | Одлуката за измени и дополнување на Одлуката за комунален ред на подрачјето на Општина Демир Хисар | 8-10 |
| **275** | Одлуката за одредување на управител на гробиштата во Демир Хисар | 10-11 |
| **276** | Одлуката за отуѓување на недвижен имот сопственост на Општина Демир Хисар | 12 |
| **277** | Решението за разрешување на Претседателот на комисијата за утврдување на пазарна вредност на недвижности при Општина Демир Хисар | 13 |
| **278** | Решението за именување на Претседател на Комисијата за утврдување на пазарна вредност на недвижности при Општина Демир Хисар | 14 |
| **279** | Мислењето во врска со Програмата за организирање на ученичките екскурзии во ОУ „Гоце Делчев„ Демир Хисар | 15 |



***ИЗДАВА: ОПШТИНА ДЕМИР ХИСАР***
***Градоначалник Тони Анѓелевски***

***КОМПЈУТЕРСКА ОБРАБОТКА И ДИЗАЈН:***
***Виолета Пајковска***